ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 18/23-1
12.01. 2023 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

# ВНАТРЕШНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ЕФИКАСНО И АЖУРНО ПОСТАПУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ И ПРЕДМЕТИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I

Согласно член 88 став 1 и став 2 од Законот за судовите, претседателот на Судот го претставува судот, ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот и ја обезбедува примената на Судскиот деловник.

Согласно член 10 став 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Претседателот на судот ја следи состојбата со движењето на предметите во судот непосредно и врз основа на согледувањата и извештаите на судските оддели.

Согласно член 5 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, Претседателот на судот е должен да ја следи состојбата со управувањето со движењето на предметите во судот, во сите фази од формирање на предметот до архивирање на истиот преку следење на евиденцијата и прегледите на задолженијата на претседателите на судските оддели, судиите, секретарите на одделите и одговорните судски службеници во врска со навремено исполнување на нивните задолженија за управување со движењето на предметите во судот.

Согласно член 10 од Законот за судовите по кривичните предметите и по предметите од јавен интерес се постапува врз основа на начелата на законитост, ефикасност, ажурност, судење во разумен рок и транспарентност.

## II

### Задолженија за движењето на предметите кои се доставуваат на мислење во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Од податоците кои се добиваат од писарницата на Одделот за казниви дела во врска со доставата на мислење на предметите согласно Законот за кривична постапка до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија констатира дека заради неажурното постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во законските рокови се предизвикува застој во движењето на предметите во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Ваквиот застој на предметите непосредно се одразува и врз ефикасното работење на Одделот за казниви дела и во таа насока и врз ефикасното дејствување на Врховниот суд Република Северна Македонија. Од тие причини, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија укажува на потребата од редовно испраќање писма и ургенции до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија од страна на судиите известители како одговорни за постапувањето по предметите, а со цел навремено и ажурно одлучување по истите.

Заради поефикасно постапување во Одделот за казниви дела, надминување на согледаните проблеми и доследна примена на одредбата од член 176 од Судскиот деловник, во однос на постапувањето на судијата известител во оваа фаза од постапката по предметот, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија даде задолженија Су-03 бр.18/23, во рамки на внатрешните процедури, за судиите известители да постапуваат во согласност со законските должности за движење на предметите во смисла на ажурно доставување на предметите на мислење во Обвинителството и директно интервенирање преку ургенции, што е во интерес на владеењето на правото, целите на кривичната постапка и остварувањето на надлежностите на Врховниот суд Република Северна Македонија.

## III

## Постапка за доставување Мислење во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Постапката за доставување Мислење во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведува на следниот начин:

По добивање на предметот во писарницата на Одделот за казниви дела од приемната писарница, водителот на писарницата задолжително ги внесува податоците од истиот во електронска форма во соодветен уписник во АКМИС програмата и оформува предмет со соодветна обвивка на списите согласно Судскиот деловник.

По оформувањето на предметот, во согласност со Судскиот деловник, истиот се испраќа електронски до судијата известител, во текот на денот кога предметот е оформен, а најдоцна наредниот ден.

Судијата известител електронски го прифаќа предметот и веднаш, истиот ден, го потпишува писмото до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на подготвен образец, а заради достава на предметот на мислење. Истовремено во АКМИС програмата се евидентира датумот на испраќање на предметот.

Судијата известител го предава предметот на овластениот службеник кој го приклучува писмото во предметот. По комплетирање на предметот, судијата известител веднаш преку овластениот судски службеник го испраќа предметот до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## IV

## Постапка по доставување на Мислењето од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Кога предметот ќе се врати од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, овластениот службеник истиот со Мислењето физички го доставува веднаш до судијата известител за работа и во АКМИС програмата го евидентира датумот кога мислењето е вратено од Јавното обвинителство Република Северна Македонија.

Предметот кој се заведува под „Вкж-2“ веднаш по електронската распределба и физички се дава на судијата известител, пред да се достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, за да се провери рокот за застарување на предметот, за да судијата стави ознака „ИТНО“ во писмото до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Судијата известител во период од 15 дена при проверка на предметите кои не се вратени од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, подготвува ургенција која задолжително ја потпишува. Доставените ургенции до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се заведуваат во посебна интерна книга на која ќе се потпише и судијата известител.

## V

## Информирање на јавноста

За доставените предмети на мислење и поднесените ургенции во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија задолжително се известува Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во согласност со член 78 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за предметите од интерес за јавноста и висок јавен интерес, задолжително се известува и Канцеларијата за односи со јавноста/судскиот службеник советник-портпарол на Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој по претходно одобрение на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија ја известува јавноста за текот на целата постапка за предметите од јавен интерес.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**